1

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ
НА ЈАВЕН ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ
И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ
НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНАТА БИТОЛА
БР. 01-273/1
11. 12. 20 24 год.
Битола

Архивски знак: 0101
Рок на чување: трајен
31.12.2024 година
Потпис,

ЈППЈЛП Битола

ЈППЈЛП Битола

Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола

ЈППЈЛП Битола

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# П Р О Г Р А М А  З А  Р А Б О Т А

## 2025 година

**Декември 2024 година**

## Програма за работа за 2025 година

Програмата за работа на ЈППЈЛП-Битола претставува документ за организација и начин на извршување на работните задачи и активности, реализација на оперативни активности, анализа на статистички податоци и параметри, предвидени финансиски средства и инвестициони вложувања.

Програмата предвидува работа со корисниците на паркинг простор, работа на пајак служба, работа со возче за туристички разглед на градот, стопанисување со лизгалиште и работни активности на обележување и одржување на сообракајна сигнализација на територијата на Општина Битола.

### Организациона структура и динамика на работа

Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола, е организирано со следната организациона структура:

1.Одделение за административно работење.

2.Сектор за јавни паркиралишта и пајак кој понатаму се дели:

2.1 Одделение за јавни паркиралишта и пајак служба.

2.2 Одделение за хоризонтална и вертикална сигнализација.

Вработени се вкупно 61 работник.

### Сектор за јавни паркиралишта и пајак

### Работа на одделението за јавни паркиралишта и пајак служба

Работните активности на одделението во делот на паркинг услугите ке се вршат според проектна документација со која се дефинирани сообракајни решенија за зонското паркирање на јавни површини во 3 зони на паркирање и 4 затворени паркинзи.

Сообракајно проектните решенија за зонско паркирање предвидуваат поделба на зоните на подзони.

- Зона А е организирана во 11 подзони и 3 затворени паркинзи.
- Зона Б е организирана во 8 подзони.
- Зона Ц е организирана во 4 подзони и 1 затворен паркинг.

Со сите сообракајни проектни решенија обележана е хоризонталната сигнализација и поставена е вертикална сообракајна сигнализација.

Согласно планот за вработување за 2025 година предвидени се 11 нови вработувања. Потребата од нови вработувања исклучиво би била поради зголемен обем на работа.

Аналитички податоци за реализирани активности во период од 4 години.

| | ЈАВОР | | | | | СТАРА АВТОБУСКА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| | ВЛЕЗОВИ | | | | | ВЛЕЗОВИ | | | | |
| ЈАНУАРИ | 4295 | 4568 | 4772 | 5065 | 5167 | 4820 | 3757 | 9767 | 10659 | 9353 |
| ФЕВРУАРИ | 4567 | 4957 | 5191 | 5298 | 4314 | 5021 | 4375 | 11887 | 10753 | 11777 |
| МАРТ | 3879 | 6034 | 5251 | 6216 | 6102 | 3680 | 5375 | 12727 | 13087 | 11948 |
| АПРИЛ | 2017 | 5781 | 5452 | 5310 | 5778 | 1657 | 5132 | 11232 | 11041 | 10090 |
| МАЈ | 4386 | 5134 | 5400 | 6041 | 5305 | 3423 | 5247 | 11439 | 12631 | 8430 |
| ЈУНИ | 4538 | 5704 | 5695 | 6049 | 6022 | 4527 | 5649 | 10679 | 12649 | 7641 |
| ЈУЛИ | 5005 | 6527 | 5610 | 6637 | 6758 | 5060 | 6447 | 10326 | 12289 | 11510 |
| АВГУСТ | 4425 | 5634 | 5900 | 6327 | 6553 | 4948 | 3945 | 12389 | 13199 | 10891 |
| СЕПТЕМВРИ | 5706 | 5937 | 6173 | 6465 | 5895 | 5113 | 9010 | 12803 | 14270 | 11008 |
| ОКТОМВРИ | 5746 | 5610 | 5699 | 5711 | 5695 | 5353 | 11823 | 12221 | 9895 | 10681 |
| НОЕМВРИ | 5472 | 5420 | 5568 | 5858 | 4989 | 4976 | 10805 | 14112 | 14562 | 9642 |
| ДЕКЕМВРИ | 5895 | 5680 | 5650 | 5770 | | 4977 | 14183 | 15425 | 13607 | |
| ВКУПНО | 55931 | 66986 | 66361 | 70747 | 62578 | 53555 | 85748 | 145007 | 148642 | 112971 |

| | ДОМ НА КУЛТУРА | | | | | СПОРТСКА САЛА | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| | ВЛЕЗОВИ | | | | | ВЛЕЗОВИ | | | | |
| ЈАНУАРИ | 16540 | 12188 | 12228 | 14115 | 14151 | 2395 | нп | 3454 | 2540 | 6265 |
| ФЕВРУАРИ | 19338 | 14398 | 16184 | 16486 | 16904 | 2242 | нп | 3736 | 4134 | 10387 |
| МАРТ | 9669 | 15689 | 17429 | 18973 | 17933 | 1232 | нп | 3991 | 5180 | 9822 |
| АПРИЛ | 1688 | 8800 | 17096 | 14035 | 15905 | 229 | 229 | 4450 | 5580 | 13167 |
| МАЈ | 4333 | 13538 | 17924 | 17303 | 14256 | 1231 | 1231 | 4460 | 6558 | 11876 |
| ЈУНИ | 12089 | 16936 | 16564 | 18001 | 13955 | 2520 | 2520 | 9221 | 3778 | 9799 |
| ЈУЛИ | 14675 | 18145 | 18715 | 17562 | 18093 | 2854 | 2840 | 10305 | 0 | 12317 |
| АВГУСТ | 14624 | 14551 | 17109 | 16485 | 13251 | 2942 | 2910 | 9835 | 0 | 15040 |
| СЕПТЕМВРИ | 16428 | 15655 | 17762 | 15799 | 13557 | 2654 | 2350 | 8258 | 0 | 12729 |
| ОКТОМВРИ | 16532 | 17819 | 16739 | 15727 | 14319 | 2452 | 2880 | 6146 | 0 | 13153 |
| НОЕМВРИ | 11948 | 16189 | 17583 | 16669 | 15345 | 1950 | 2507 | 6089 | 7432 | 10846 |
| ДЕКЕМВРИ | 14592 | 19393 | 19858 | 18299 | | 2890 | 2890 | 4816 | 10384 | |
| ВКУПНО | 152456 | 183301 | 205191 | 185339 | 167669 | 25591 | 20357 | 74761 | 45586 | 125401 |

| | СМС ПОРАКИ | | | | | БРОЈ НА КЛИЕНТИ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| ЈАНУАРИ | 28180 | 27568 | 23471 | 31617 | 23275 | 13731 | 13102 | 11393 | 15655 | 23275 |
| ФЕВРУАРИ | 32111 | 32752 | 27814 | 39155 | 53143 | 15764 | 15988 | 13810 | 19674 | 25965 |
| МАРТ | 18923 | 35919 | 32826 | 49704 | 57103 | 9278 | 17671 | 16262 | 24653 | 28569 |
| АПРИЛ | 9401 | 26252 | 32040 | 46337 | 56624 | 4474 | 12723 | 15966 | 22282 | 28183 |
| МАЈ | 16757 | 32617 | 33590 | 51953 | 53601 | 8223 | 15729 | 16683 | 25800 | 26474 |
| ЈУНИ | 25741 | 36663 | 34269 | 52907 | 57114 | 12545 | 18084 | 17017 | 26197 | 28224 |
| ЈУЛИ | 27350 | 38721 | 35967 | 56273 | 64589 | 13238 | 19205 | 17842 | 27925 | 32318 |
| АВГУСТ | 26614 | 33872 | 39891 | 52584 | 62829 | 13006 | 16471 | 19668 | 26145 | 31204 |
| СЕПТЕМВРИ | 30287 | 36589 | 37004 | 53783 | 64262 | 14894 | 17848 | 18410 | 26728 | 31870 |
| ОКТОМВРИ | 29380 | 32763 | 34360 | 49471 | 75366 | 14439 | 16102 | 17064 | 24548 | 37308 |
| НОЕМВРИ | 25403 | 32515 | 36983 | 54131 | 80614 | 12366 | 16059 | 18439 | 27116 | 39791 |
| ДЕКЕМВРИ | 33233 | 35443 | 42018 | 31617 | | 16201 | 17584 | 20943 | 30004 | |
| ВКУПНО | 303380 | 401674 | 410233 | 569532 | 648520 | 148159 | 196566 | 203497 | 296727 | 333181 |

| | ВКУПНО ЧАСОВИ | | | | | КАРТИ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| ЈАНУАРИ | 27964 | 27652 | 23490 | 32472 | 49727 | 20401 | 19956 | 15527 | 18884 | 18838 |
| ФЕВРУАРИ | 32935 | 33990 | 29121 | 41035 | 58856 | 22265 | 21386 | 20126 | 22196 | 19917 |
| МАРТ | 19117 | 36765 | 33474 | 51331 | 61074 | 14373 | 25217 | 21350 | 24302 | 17208 |
| АПРИЛ | 8939 | 25979 | 35585 | 48776 | 63222 | 9588 | 21212 | 22620 | 23209 | 19324 |
| МАЈ | 16594 | 31296 | 36115 | 57551 | 58732 | 14253 | 22416 | 21684 | 24251 | 18019 |
| ЈУНИ | 24920 | 38006 | 37089 | 58482 | 63074 | 20807 | 24096 | 21202 | 23495 | 16718 |
| ЈУЛИ | 26801 | 38885 | 39487 | 62367 | 72746 | 19743 | 24225 | 24447 | 20301 | 18263 |
| АВГУСТ | 26722 | 34046 | 43213 | 58386 | 69576 | 19466 | 19998 | 22901 | 22051 | 16569 |
| СЕПТЕМВРИ | 30547 | 37127 | 40292 | 57723 | 70870 | 22629 | 22778 | 23059 | 23070 | 18989 |
| ОКТОМВРИ | 30512 | 31909 | 37125 | 54030 | 83368 | 23531 | 19282 | 22180 | 23755 | 15912 |
| НОЕМВРИ | 25341 | 33311 | 39554 | 56494 | 86390 | 20680 | 20686 | 24385 | 21831 | 14258 |
| ДЕКЕМВРИ | 34038 | 36536 | 45202 | 65075 | | 25229 | 23043 | 24696 | 22970 | |
| ВКУПНО | 304430 | 405502 | 439747 | 643722 | 737635 | 232965 | 264295 | 264177 | 270315 | 194015 |

## Работа на одделот за хоризонтална сигнализација

Одделот за обележување на хоризонтална сигнализација своите активности ги врши според Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола, во делот на одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација врз основа на одобрена проектна програма од надлежни органи и под стручен надзор од овластено лиценцирано лице.

Оделот за сообраќајна сигнализација континуирано врши обележување на сите паркинг места на територијата на Општина Битола во периодите кога временските услови тоа го дозволуваат (обично од 3-ти до 10-ти месец во годината).

Во одделот за хоризонтална сигнализација за 2025 година има 5 предвидени вработувања.

## Работа на пајак служба

Одделот за работа на пајак службата активноста ја дефинира во соработка со Министерството за внатрешни работи и врши отстранување на непрописно или неправилно паркирани возила и или возила кои го попречуваат безбедното движење на пешаците. Од 2022 година отпочнато е со подигање на хаварисани возила во градот.

## Одделение за административна работа

Секторот своите активности ги врши во делот на правата и обврските на вработените во претпријатието, целокупната правна работа на претпријатието, изготвување на актите како и целокупното архивско работење, ја спроведува целокупната постапка за јавните набавки согласно законската регулатива. Ги подготвува договорите за повластено паркирање и води грижа за нивна важност. Секторот води комплетна финасиска книговодствена евиденција на работењето на претпријатието.

Согласно планот за вработување за 2025 година предвидени се 5 вработувања, но и тука ке се реализираат предвидените работни места доколку има зголемен обем на работа.

**Планирани активности и инвестициони вложувања за 2024 година**

Планираните активности на работата на јавното претпријатие ќе бидат во насока на подобрување на системите за паркирање, зголемување на бројот на паркинг места, преземање на мерки за поправка, санирање и асфалтирање на постоечките паркинг простори, навремено квалитетно бојадисување и одржување на хоризонталната и вертикалната сигнализација на истите, посебно делот на пешачките премини, континуирано подигање и отстранување на возилата кои се непрописно паркирани како и возилата кои го попречуваат безбедното движење во сообракајот по барање на надлежните органи.

**Планирани активности во паркинг системите**

1. Отворање на нов паркинг на локација на ул. Браќа Џаферови (поранешни бараки на УЈП). Со сообракајно проектна документација за која е добиено решение за траен режим на сообракај обезбедени се 28 нови паркинг места. Проектот предвидува инфраструктурни зафати.

- Планирани средства за реализација 2.000.000 денари.

2.Ставање во функција на паркингот на ул. Народни Херои (локација позади т.н. Докторска зграда кај Болницата). Планирани активности се: изработка на сообракајна проектна документација, санирање на постоечка состојба.

- Планирани средства 2.000.000 денари.

3. Отворање на нов (затворен) паркинг на локацијата наречена Нов пазар. Целата постапка е завршена треба само да се постави систем и наплатна станица.

- Планирани средства за реализација 2.000.000 денари.

4. Отворање на паркинг просторот на локација „ЈАТ". За планираните активности во врска со набаваката на рампи како и металната конструкција за затворен паркинг на едно ниво ќе бидат потребни околу 12.000.000 денари.

5. Поставување на фотоволтаични ел.централи на затворените паркинзи кај спортска сала и нов пазар. Корисната површина на овие две локации отприлика изнесува 6365 м2 на локацијата нов пазар и 7738 м2 кај спортската сала што ги прави одржливи за поставување на наведената опрема. За општината придонесот ќе биде зајакнување на имиџот како поддршка на напорите за намалување на загадувањето и транзицијата кон т.н. зелена енергија, граѓаните ќе добијат покриени паркинг места на кои возилата ќе им бидат заштитени од штетните влијанија на сончевото зрачење и останатите атмосферски влијанија (самите паркинг места ќе станат поатрактивни и ќе го намалиме уличното паркирање во реоните каде се овие два паркинзи). Идејата е ова да го реализираме како ЈПП заради сложените процедури за добивање на документацијата, а претпријатието за возврат освен покривањето на паркинг местата да добие бесплатно полначи за електрични возила, но и полначи на кои бесплатно ќе се полнат електрични тротинети и велосипеди (нешто што ни недостига во градот како мерка на стимулација за користење на овај вид на превоз за намалување на сообраќајот во градот, а со тоа и загадувањето кое доаѓа од моторните возила).

- Планирани средства за изработка на проектна и останата документација во прва фаза 1.000.000 денари.

6. Паркингот кај „стара болница" е непрофитабилен за работење заради ниската цена на чинење на услугата и големиот број на возила од станарите. Секој месец загубите изнесуваат помеѓу

50.000 и 60.000 денари што е премногу за ЈППЈЛП. Предлогот за надминување на оваа состојба со кој трајно ќе се реши проблемот на станарите но и нашето работење со загуба е едноставен. Двојно да се зголемат паркинг местата на оваа локација. Сигурни сме дека станарите ќе се согласат на единствената мерка која ќе им овозможи трајно решавање на проблемот кој го имаат и ќе го имаат во иднина. Решението е едноставно но чини пари! Поставување на метална конструкција на едно ниво (како времен објект) со што и станарите ќе имаат свои паркинг места, но и ЈППЈЛП ќе има слободни паркинг места за комерцијално работење со што ќе се надмине проблемот на финансиска неодржливост на овај паркинг простор. Заради вредноста на инвестицијата предлагаме истата да се реализира во две фази.

- Планирани средства за прва фаза 10.000.000 денари

**Инвестициони вложувања во лесни возила и пајак**

- Заради староста на возниот парк кој го користиме во ЈППЈЛП-Битола имаме континуирано зголемување на трошоците за гориво, резервни делови и работна рака за поправки на истите. Од овие причини планираме да купиме три нови возила.

Вредноста на едно ново возило е околу 21.000 евра.

- Во 2023 и 2024 година имавме високи непредвидени трошоци за поправка и сервис на возилото ПАЈАК. Доколку имаме финасиска подршка од Општина Битола би можеле да го решиме проблемот со старото возило односно да купиме ново. Вредност 200.000 ЕУР.

- Набавка на приколка за транспорт на машината за бележење. Вредност околу 150.000 денари.

**Одржување на сообракајна (хоризонтална и вертикална) сигнализација**

Одржувањето на сообракајната сигнализација (хоризонтална и вертикална) ке се врши според Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола.

**Планирани приходи за 2025 година**

За 2025 година се предвидуваат приходи од паркирање, приходи од работа на пајак служба и приходи од одржувања на сообракајна сигнализација и тоа во следните вредности.

| **О П И С** | **ИЗНОС** |
|---|---|
| Приходи од повластено паркирање (правни и физички лица и мобилни оператори) | 14.500.000 |
| Приходи од - зонско паркирање | 10.500.000 |
| Приходи од затворени паркиралишта | 11.500.000 |
| Приходи од одржување на сообракајна сигнализација | 17.000.000 |
| Приходи од работа на пајак служба | 2.000.000 |
| Приходи од МЕЧО | 2.000.000 |
| **Лизгалиште** | 1.000.000 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | 58.500.000 |

Планирани расходи за 2025 година

| О П И С | ДЕНАРИ |
|---|---|
| Плата за вработени-бруто | 40.000.000 |
| Плата за вработени- бруто преку Агенција | 3.000.000 |
| Провизија на агенција за вработување | 200.000 |
| Потрошени суровини и материјали (градежни материјали, боја за обележување) | 6.500.000 |
| Потрошени помошни материјали (ситна штрафовска роба) | 110.000 |
| ХТЗ опрема | 600.000 |
| Потрошен канцелариски материјал | 330.000 |
| Билети и фискални ролни | 600.000 |
| Потрошен материјал за чистење и одржување | 65.000 |
| Потрошено гориво за транс. средства | 600.000 |
| Потрошена ел. енергија | 700.000 |
| Резервни делови | 650.000 |
| Трошоци за ПТТ услуги, мобилна и фиксна телефонија и интернет и карго | 750.000 |
| Надворешни услуги (поправки, изработка на проекти и елаборати, сервисни услуги и др.) системи за паркинзи, поправки на возила | 1.900.000 |
| Услуги за обезбедување | 70.000 |
| Трошоци по договор на дело | 63.000 |
| Други услуги (БЈН, услуга од АВВ и др.) | 240.000 |
| Дневници за службени патувања | 40.000 |
| Трошоци за управни органи | 282.000 |
| Спонзорства и донации | 500.000 |
| Трошоци за репрезентација | 100.000 |
| Трошоци за осигурување | 500.000 |
| Банкарски услуги и платен промет | 200.000 |
| Трошоци за регистрација на возила | 50.000 |
| Трошци за семинари и обуки | 50.000 |
| Трошоци за членарина | 30.000 |
| **В К У П Н О** | **58.130.000** |

Програмата за работа на јавното претпријатие за 2025 година ќе се финасира од сопствени средства по пат на наплата од користење на услугата паркирање на јавните паркиралишта, средства од работа на пајак службата, средства од услугите дадени во делот на вертикалната и хоризонталната сигнализација согласно Годишни програми за работа. Исто така очекуваме финасиска подршка и од Општина Битола заради остварување на планираните активности кои имаат капитално значење.

Планираното остварување и реализирање на програмата за работа зависи од приливот на финасиските средства од работењето, искористувањето на постојните капацитети, трошоците од работењето, начинот и формата на наплатата на дадените услуги, трошоците за тековно одржување на објектите и сл.

Битола

Декември, 2024 година